ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 136 – 1/2012
Загреб, 28. 10. 2012.

# З А П И С Н И К

од **2. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **28.10.2012 година** со почеток во **12.40 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Орце Ламбевски – претседател на Заедницата, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Крсте Атанасовски – Осиек и Милена Златеска – Пула.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит и Велимир Лозановски – Риека.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата, Виолета Штерјова – член на НО на Заедницата и Васил Тоциновски – Риека (во замена на членот на УО од Риека, В. Лозановски, без право на глас).

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, О. Ламбевски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 1. седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.10.-31.12.2012.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2012. godine (Obrazac K3)“ со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;
4. Решавање на тековните прашања за списанието „Македонски глас“ и усвојување на донесените одлуки;
5. Договор околу реализацијата на програмите во 2012 година и усвојување на донесените одлуки;
6. Договор за Финансиски план и План и програма на работа за 2013 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и усвојување на донесените одлуки;
7. Именување на инвентурна комисија која ќе спроведе инвентура за имотната состојба на Заедницата за 2012 година и ќе направи записник;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 1. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од сите друштва (прилог). Членовите на УО во кратки црти ги претставија своите случувања од информаторот. Златеска ги врати на Заедницата двете задолжени слики со Грбот на Македонија, што требаше да ги предаде како подарок, бидејќи Советот на МНМ за Град Пула не ја прифати, а Македонскиот културен форум од Пула не ја презеде. На крајот, претседателот Ламбевски се осврна на информаторот на Заедницата и се поведе расправа по неколку точки.

**Ад. 3.** За кварталниот финансиски извештај на Заедницата „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2012. godine (Obrazac K3)“ со трошковниците, патните налози и авторските хонорари (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2012. godine“ кое е исто така, уредно изработено за потребите на Заедницата (прилог). Петровска ги информира присутните со уште колку средства Заедницата располага до крајот на годината и со остварувањето на сите планирани овогодишни програми, се предвидува дека нема да останат средства за пренос во идната година. Таа повторно апелираше на рационално трошење во рамките на добиените средства и барање донатори за Заедницата. Тоциновски ја пофали Петровска за педантно изработените извештаи.

**Забелешки:**

* М. Златеска – даде забелешка дека водителите и наставниците на Летниот камп на Шолта не се исто третирани и дека тоа треба да се промени, бидејќи одговорноста и обврските и за едните и за другите се подеднакви.

**Предлози:**

* О. Ламбевски – со влезот на Хрватска во ЕУ, веднаш да се аплицира со проекти кон европските фондови.

* О. Ламбевски – би требало да и се исплатат патните трошоци на М. Мајиќ која беше во контрола на Летниот камп Шолта 2012 во износ од 270,00 кн.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2012. godine (Obrazac K3)“ со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
- Да и се исплатат патните трошоци на М. Мајиќ која беше во контрола на Летниот камп Шолта 2012 во износ од 270,00 кн.

**Ад. 4.** Претседателот Ламбевски рече дека главната уредничка на списанието „Македонски глас“, Милена Георгиевска, изработи предлог на Ценовникот (прилог). Исто така, се доби понуда од печатницата „М-принт“ за чинењето на еден број доколку комплетно би се печател во боја (прилог). Се заклучи дека таа бројка на годишно ниво ги премашува сегашните средства за околу 20.000,00 кн., кои би можеле да се добијат од неколку донации со услуга за објавување на реклама во списанието. Се спомнаа и многуте пофалби што се добиваат за подобрениот изглед и содржината на „Македонски глас“.

По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука**:

- Се задолжуваат сите друштва да го проучат предлогот на Ценовникот на „Македонски глас“ до идната седница.

**Ад. 5.** По оваа точка се расправаше за Денот на Заедницата и Рациновиот ден. Поради рационализација на трошоците, претседателот Ламбевски рече дека би било најдобро овие две манифестации заедно да се организираат. За преостанатите три книги што се во програмата од оваа година, се рече дека се во подготовка и дека ќе излезат од печат до крајот на годината, исто како и „Македонски глас“ бр. 79. За преостанатите книги што не се отпечатени, а биле во програмите од претходните години, се рече дека во оваа година се нема средства за нивно печатење.
По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Културните манифестации „Рацинов ден – Бели мугри“ и „Ден на Заедницата“ да се организираат заедно во Самобор на 24 ноември 2012 година;
- Програмата да започне со полагање венци пред бистата на Кочо Рацин, а потоа да продолжи со културно-уметничкиот настап на секциите на друштвата во салата на Народното отворено училиште;
- Да се прати допис до Градското поглаварство на Самобор за заедничка организација на манифестациите;
- Друштвата да учествуваат со 20% партиципација од трошоците за превоз и да се практицира плаќањето на атобусите да биде авансно (со попуст) поради заштеда;
- Сендвичи и пијалак за манифестацијата да си осигураат самите учесници.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 6.** Веднаш на почетокот, претседателот Ламбевски информираше дека е излезен Јавниот повик за предлагање програми за 2013 година до Советот за национални малцинства на РХ, кој е проследен до сите друштва заедно со обрасците. Рокот за пријава е кус, па се молат сите друштва да го почитуваат. Оваа година Јавниот повик заедно со обрасците е усогласен по директива на ЕУ, па треба на тоа да се обрати посебно внимание. Финансискиот план како и Планот и програмата на работа на Заедницата за 2013 година ќе бидат усогласени со истите на друштвата и како прилози на пријавата ќе се доставaт во Советот со претходно одобрување на членовите на УО. За сите актуелни прашања членовите ќе се договараат телефонски или по електронска пошта. Исто така, се рече дека на Јавниот повик за пријава на програми за јавни потреби во културата на Град Загреб за 2013 година од Градската канцеларија за образование, култура и спорт на Град Загреб, се аплицираше од Заедницата за претставување на книги од македонски автори во Загреб.
По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Пријава на културни манифестации за 2013 година на ниво на Заедницата до Советот: „Илинден 1903-2013“ во организација со МКД „Илинден“ од Риека на 27 јули во Препуштовец; „Денови на браќата Миладиновци“ во организација со МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек во јуни во Осиек и Ѓаково; Изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ во организација со МКД „Билјана“ од Задар во април во Задар; „Рацинов ден – Бели мугри“ во организација со МКД „Охридски бисер“ од Загреб на 23 ноември во Самобор; „Ден на Заедницата“ во организација на Заедницата на 16 октомври во Нова Градишка; „Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ во организација со МКД „Македонија“ од Сплит во мај во Сплит; „Ден на глагољашите“ во организација со МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула во мај во Роч и Хум; и Трибина „Македонија – нови предизвици“ во организација на Заедницата во текот на годината во Загреб, Осиек, Сплит, Задар, Риека и Пула;
- Да се склучи Договор за соработка со сите друштва во составот на Заедницата;
- До 20 ноември сите друштва да ги доставаат пријавите до Заедницата.

**Ад. 7.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Да се направи инвентура на имовинската состојба на Заедницата во декември оваа година;
- За инвентурната комисија се именуваат: Ивана Лазаревска, Цветко Поповски и Ѓорѓи Тодоровски (членови на МКД „Охридски бисер“).

**Ад. 8.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се даруваат 100 примероци од најновата книга „Столетни опстојби“ на авторот Васил Тоциновски, и по 25 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 70,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 160,00 кн.;
- Се даруваат 20 примероци од книгата „Носталгија и љубов“ на авторите Мирјана Мајиќ и Еми Лонгин;
- Се даруваат 20 примероци од книгата „Гужва на гранка“ на авторката Наташа Ламбевска;
- Се задолжуваат сите друштва да го проучат Меморандумот за соработка со Невладината организација „Светски релации“ од Скопје (прилог), до идната седница.

На крајот, Петровска на присутните им подели по еден примерок од најновата книга „Столетни опстојби“ од Васил Тоциновски.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Ламбевски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **15.40** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на Заедницата:

Орце Ламбевски